МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: Pranuar: 3.11.2020
Орг. един. Nj. org: 08 | Број Numri: 8/581 | Прилог Shtojcë: - | Вредност Vlera:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 18-12131/1
29.10 2020 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), и член 30 став (3) и став (6) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерката за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за дополнување на дел од наставната програма по англиски јазик во основното образование ( од I- IX одделение) во делот на нормативот за наставен кадар**

1. Со ова Решение се дополнува дел од наставната програма по англиски јазик во основното образование (од I- IX одделение) во делот на нормативот за наставен кадар, и тоа:

„ Доколку на јавниот оглас не се јави лице со завршени студии во претходно наведените алинеи, наставата може да ја изведува и лице со:

-завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;

- завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;

-завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС”.

2.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е:

Согласно член 30 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.

Согласно ставот (6), со наставните програми се определуваат резултатите од учењето, основните поими, активностите и методите во наставата, стандардите за оценување на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Заради зголемената потреба од наставен кадар по наставниот предмет по англиски јазик, Бирото за развој на образованието со допис бр.08-972/4 од 21.10.2020 година, доставен до Министерството за образование и наука, предложи дополнување на наставната програма по англиски јазик во основното образование (од I- IX одделение) во делот на нормативот за наставен кадар.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Доставено до:

Сектор за основно образование; Биро за развој на образованието;

**МИНИСТЕРКА**
**Мила Царовска**

подготвил: Рајне В.Лазаревска
контролирал:Милка Масникоса
одобрил:Елена Ивановска
согласен:Маја Бичиклиска